Објавено од м-р Гордана Ѓорѓиевска - Неделковски
Среда, 20 Октомври 2021 11:48 -

НУУБ „Св. Климент Охридски“-Битола по повод Месецот на книгата-Месец Октомври во соработка со СОУ„ Таки Даскало“-Битола реализира работилница изработка на тефтерчина на чија корица беше испечатена порака за книгата и читањето. На ден 19.10.2021 година се одржа првата работилница која се одржа во просториите на СОУ „Таки Даскало“-Битола во која учество зедоа учениците од втора година графичка струка, графички техничари под менторство на професорките Весна Мундишевска-Велјановска и Катерина Спасовска-Маурдева.

Тие во првата фаза го спроведоа процесот на класифицирање на ливчињата и кориците на тефтерчињата, за потоа учениците на специјална машина да ги исечат. Преку оваа работилница учениците имаа можност да учат, но и да се забавуваат. Пове ќе информации на следниов линк